Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 02-1289/4
28 12 2020 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 110, став 1, точка 13 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018) и член 58, став 1, точка 13 од Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 454, 16 октомври 2019 година), Наставно-научниот совет на седницата одржана на 28.12.2020 година ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за спроведување дополнителна испитна сесија во учебната 2020/2021 година за студенти - апсолвенти на прв циклус на студии**

I. Се одобрува дополнителна испитна сесија во учебната 2020/2021 година (продолжување на јануарска испитна сесија) за студенти – апсолвенти кои студираат на прв циклус на студии, со административен надомест од 1.000,00 по испит.

II. Право на пријавување и полагање на испит/и во дополнителната испитна сесија имаат студентите-апсолвенти кои имале право да пријават и да полагаат испит/и во зимскиот испитен рок 2021 година (јануарска испитна сесија) и кои имаат уште максимум 2 (два) испити до завршување на прв циклус на студии.

III. Дополнителната испитна сесија ќе се спроведе во период од 15 до 26 февруари 2021 година, согласно распоредот за полагање објавен од страна на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи.

IV. Студентите кои ќе полагаат испит/и во дополнителната испитна сесија се должни електронски да пријават испит/и, согласно начин и распоред за пријавување испити којшто ќе биде објавен од страна на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи.

V. По еден примерок од одлуката да се достави до продеканот за настава, секретарот, раководителот на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи, огласна табла, интернет страната на Факултетот и архивата на Факултетот.

VI. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

ДЕКАН,

Проф. д-р Горан Коевски